Peace Corps
MACEDONIA

# ПРЕГЛЕД НА 2017

## НАШАТА ИСТОРИЈА

Во 1961 година претседателот на Соединетите Американски Држави Џон Ф.Кенеди го основа Мировен корпус со цел да промовира мир и пријателство во светот и да ги предизвика Американците да живеат и да работат во земјите во развој. Мисијата на Мировен корпус и трите цели остануваат подеднакво важни и денес како што беа и при неговото формирање.

*,,..Сите Американци коишто ќе работат во друга земја, ќе знаат дека имаат важна заедничка задача - да им овозможат на луѓето пристоен живот којшто е основа за слобода и услов за мир" - Џон Ф. Кенеди*

## НАШИТЕ ЦЕЛИ

1. Да се обезбедат волонтери што ќе дадат свој придонес во развојот за заинтересираните земји.
2. Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка.
3. Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите ширум светот.

## МИРОВЕН КОРПУС ВО МАКЕДОНИЈА

Македонија е една од земјите коишто се најпосакувани од волонтерите за волонтерска служба. Мировен корпус започна со имплементација на своите програми во Македонија во 1996 година по покана од Владата на Република Македонија. Оттогаш, 735 волонтери имаат работено во училишта, општини, граѓански организации и јавни инстутуции за да одговорат на барањата на заедниците во земјата. Како признание за значењето на нивната работа и за посветеноста на волонтерите и вработените во Мировен корпус, претседателот на Република Македонија во 2014 година му додели на Мировниот корпус Орден за заслуги во Македонија. Во 2017 година Мировен корпус имаше активен Меморандум за соработка со: Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт и со голема мрежа на невладини организации.

## 2017 НИЗ БРОЈКИ

- 5 Локални јазици коишто ги учеа волонтерите
- 21 Година во Македонија
- 30 Основни и средни училишта имаа волонтер во 2017
- 79 Волонтери во служба во 2017 •
- 83 Локален наставник-соработник во 2017
- 92 Граѓански партнерски организации во 2017
- 150 Корисници со посебни потреби во 2017
- 6200 Ученици на коишто им предаваа волонтери во 2017

10.000 лица, повеќето млади, имаа придобивка од учеството во активностите на партнерите на Мировен корпус

*Ние самите мислиме дека тоа што го правиме е само капка во океанот. Но океанот би бил помал без таа капка. – Мајка Тереза*

Peace Corps MACEDONIA

# ПРОЕКТИ

## РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА

Проектот за Развој на заедницата (РЗ), насочен кон младинскиот развој, ги поддржува заедниците и организациите за ефикасно управување на одржлив развој на заедницата. Мировен корпус соработува со граѓански организации, општини и јавни институции во Македонија. Волонтерите и нивните локални соработници им даваат предност на активности коишто:

- Го подобруваат планирањето, финансиската одржливост, интерното управување и го зајакнуваат капацитетот на вработените за подготовка на проекти, менаџмент и за давање услуги;
- Ги поддржуваат организациите во утврдувањето на потребите на заедницата и градат стратешки партнерства за да одговорат на истите;
- Ги обучуваат граѓаните за активно учество во заедницата, животни вештини и вклученост, и ја подигнуваат свеста за лицата со посебни потреби;
- Заеднички организираат и водат клубови, часови и кампови за лидерство и личен развој на младите.

## ПРЕДАВАЊЕ АНГЛИСКИ

Во рамки на програмата за настава по англиски јазик, волонтерите работат во основни и средни училишта низ државата уште од 1996 година, со посебен акцент на руралните и маргинализирани заедници. Волонтерите и нивните локални соработници им даваат предност на активности коишто имаат за цел:

- Да ги подобрат часовите по англиски јазик со методи коишто го ставаат ученикот во центарот на часот;
- Да се зголеми успехот на учениците при учењето на англискиот јазик;
- Да им помогнат на наставниците по англиски јазик со учениците со посебни потреби во училницата;
- Да обезбедат постојана обука на наставниците;
- Да организираат клубови за англиски јазик и воннаставни активности, како натпревари за правопис, спорт, модел на Обединети Нации

## ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Волонтерите на Мировен корпус коишто имаат искуство, вештини и образование во областа на поддршка на лица со посебни потреби се распоредуваат во организации за да:

- Работат со едукаторите за креирање и спроведување на дневните активности, материјали и нови методологии;
- Работат со лица со посебни потреби и со нивните родители за да го поддржат развојот на нивните стручни вештини;
- Обучат локални млади лица да волонтираат и да работат со лица со посебни потреби;
- Спроведуваат обуки за развој на животни вештини.